во точка X=7547825.1729 Y=4579125.7287
испакнат дел 0.0274
центар X=7547263.4458 Y=4578323.7339
радиус 979.1492
почетен агол 54.9921
краен агол 61.2733
во точка X=7547734.0570 Y=4579182.3712
во точка X=7547715.6135 Y=4579192.7410
во точка X=7547682.5879 Y=4579211.4241
во точка X=7547666.9231 Y=4579220.3448
радиус 12.0000
почетен агол 142.0345
краен агол 56.0769
во точка X=7547447.7087 Y=4579346.7710
во точка X=7547497.4413 Y=4579313.3230
во точка X=7547553.4753 Y=4579274.0884
во точка X=7547576.1610 Y=4579258.1163
испакнат дел 0.0333
центар X=7547723.5547 Y=4579460.1063
радиус 250.0497
почетен агол 233.8815
краен агол 241.5177
во точка X=7547604.3093 Y=4579240.3214
во точка X=7547617.6684 Y=4579232.5697
во точка X=7547623.9162 Y=4579228.8286
во точка X=7547693.3001 Y=4579189.2607
радиус 422.8280
почетен агол 234.0716
краен агол 225.8671
во точка X=7548028.6108 Y=4578943.1832
во точка X=7547996.6856 Y=4578975.5842
испакнат дел 0.0228
центар X=7547418.7614 Y=4578474.1492
радиус 765.1362
почетен агол 40.9465
краен агол 46.1676
во точка X=7547948.6574 Y=4579026.0945
испакнат дел 0.0222
центар X=7547364.5463 Y=4578417.6782
радиус 843.4194
почетен агол 46.1676
краен агол 51.2639
во точка X=7547892.3022 Y=4579075.5763

во точка X=7547631.2727 Y=4579240.7480
во точка X=7547628.3076 Y=4579242.5021
испакнат дел -0.4543
центар X=7547634.4178 Y=4579252.8300
радиус 12.0000
почетен агол 239.3906
краен агол 141.6595
во точка X=7547625.0058 Y=4579260.2740
во точка X=7547614.4158 Y=4579263.0047
испакнат дел -0.3860
центар X=7547605.0038 Y=4579270.4487
радиус 12.0000
почетен агол 321.6595
краен агол 237.2245
во точка X=7547598.5076 Y=4579260.3591
во точка X=7547584.3190 Y=4579269.4944
во точка X=7547561.5201 Y=4579285.5462
во точка X=7547505.3636 Y=4579324.8666
во точка X=7547457.7443 Y=4579356.8933
испакнат дел -0.4365
центар X=7547464.4413 Y=4579366.8508
радиус 12.0000
почетен агол 236.0769
краен агол 141.7589
во точка X=7547455.0163 Y=4579374.2784
во точка X=7547446.7790 Y=4579380.7687
во точка X=7547422.4708 Y=4579349.6270
во точка X=7547431.5512 Y=4579344.1958
испакнат дел -0.3937
центар X=7547441.0118 Y=4579336.8136
испакнат дел -0.5503
центар X=7547688.8742 Y=4579180.2934
радиус 10.0000
почетен агол 63.7312
краен агол 308.4353
во точка X=7547695.0906 Y=4579172.4603
во точка X=7547707.0715 Y=4579167.5729
во точка X=7547710.4436 Y=4579171.0455
испакнат дел -0.3403
центар X=7547717.6176 Y=4579164.0789
радиус 10.0000
почетен агол 135.8407
краен агол 60.6716
во точка X=7547722.5158 Y=4579172.7972
во точка X=7547727.2073 Y=4579170.1614
испакнат дел -0.0412

центар X=7547166.7089 Y=4578171.0551
радиус 1145.5879
почетен агол 60.7076
краен агол 51.2639
во точка X=7547883.5419 Y=4579064.6558
испакнат дел -0.0222
центар X=7547364.5463 Y=4578417.6782
радиус 829.4194
почетен агол 51.2639
краен агол 46.1676
во точка X=7547938.9617 Y=4579015.9953
испакнат дел -0.0228
центар X=7547418.7614 Y=4578474.1492
радиус 751.1362
радиус 639.9535
почетен агол 56.5352
краен агол 52.8012
во точка X=7548100.8880 Y=4578868.7054
во точка X=7548115.2200 Y=4578860.0480
во точка X=7548129.8338 Y=4578851.8753
испакнат дел -0.0045
центар X=7547880.2006 Y=4578329.3727
радиус 579.0732
почетен агол 64.4632
краен агол 63.4238
во точка X=7548139.2711 Y=4578847.2609
испакнат дел -0.6160
центар X=7548134.6930 Y=4578838.1625
радиус 10.1852
почетен агол 63.2894
краен агол 296.7513
во точка X=7548139.2775 Y=4578829.0674
во точка X=7548139.2775 Y=4578829.0674
во точка X=7548143.6161 Y=4578821.1822
испакнат дел -0.0180
центар X=7548187.3500 Y=4578741.6970
радиус 90.7224
почетен агол 118.8202
краен агол 114.6868
во точка X=7548149.4591 Y=4578824.1278
во точка X=7548164.0260 Y=4578830.9552
испакнат дел -0.2303
центар X=7548168.3452 Y=4578821.5446
радиус 10.3545
почетен агол 118.8202
краен агол 114.6868
во точка X=7548149.4591 Y=4578824.1278
во точка X=7548164.0260 Y=4578830.9552
испакнат дел -0.2303
центар X=7548168.3452 Y=4578821.5446
радиус 10.3545
почетен агол 114.6537
краен агол 62.7860
во точка X=7548173.0805 Y=4578830.7529
во точка X=7548173.6970 Y=4578830.4088
во точка X=7548174.3134 Y=4578830.1240
испакнат дел -0.0189
центар X=7548166.5775 Y=4578812.1502
радиус 19.5679
почетен агол 66.7129
краен агол 62.3889
во точка X=7548175.6466 Y=4578829.4896
испакнат дел -0.6611
центар X=7548170.9228 Y=4578820.7609
почетен агол 46.1676
краен агол 40.9475
во точка X=7547986.1024 Y=4578966.4192
во точка X=7547988.0644 Y=4578964.1493
во точка X=7547990.5472 Y=4578961.5200
во точка X=7548003.4490 Y=4578948.2748
испакнат дел 0.0381
центар X=7548398.0792 Y=4579335.6001
радиус 552.9502
почетен агол 224.4648
краен агол 233.2026
во точка X=7548066.8688 Y=4578892.8207
испакнат дел -0.0163
центар X=7547713.9832 Y=4578358.9554
почетен агол 114.6537
краен агол 62.7860
во точка X=7548173.0805 Y=4578830.7529
во точка X=7548173.6970 Y=4578830.4088
во точка X=7548174.3134 Y=4578830.1240
испакнат дел -0.0189
центар X=7548166.5775 Y=4578812.1502
радиус 19.5679
почетен агол 66.7129
краен агол 62.3889
во точка X=7548100.8880 Y=4578868.7054
во точка X=7548115.2200 Y=4578860.0480
во точка X=7548129.8338 Y=4578851.8753
испакнат дел -0.0045
центар X=7547880.2006 Y=4578329.3727
радиус 579.0732
почетен агол 64.4632
краен агол 63.4238
во точка X=7548139.2711 Y=4578847.2609
испакнат дел -0.6160
центар X=7548134.6930 Y=4578838.1625
радиус 10.1852
почетен агол 63.2894
краен агол 296.7513
во точка X=7548139.2775 Y=4578829.0674
во точка X=7548139.2775 Y=4578829.0674
во точка X=7548143.6161 Y=4578821.1822
испакнат дел -0.0180
центар X=7548187.3500 Y=4578741.6970
радиус 90.7224
радиус 9.9250
почетен агол 61.5785
краен агол 287.7116
во точка X=7548173.9422 Y=4578811.3063
во точка X=7548177.7617 Y=4578803.1570
во точка X=7548202.6882 Y=4578814.8400
испакнат дел -0.2149
центар X=7548206.9321 Y=4578805.7852
радиус 10.0000
почетен агол 115.1123
краен агол 66.5938
во точка X=7548210.9046 Y=4578814.9623
испакнат дел -0.0822
центар X=7548105.8168 Y=4578572.1866
радиус 264.5439
почетен агол 66.5942
краен агол 47.7864
во точка X=7548283.5630 Y=4578768.1197
испакна дел -0.3966
центар X=7548275.5002 Y=4578759.2320

радиус 12.0000 краен агол 321.2490
почетен агол 47.7864

Намената на опфатот кој е предмет на овој Урбанистички проект е група на класи на намена Е1 – сообраќајна инфраструктура, Е1.1 – примарни и секундарни улични мрежи во населени места.

Проектни елементи на улицата:

Предмет на разработка на овој УП е собирна улица С16 преземена од ГУП

Профил14,0м – 2,0м тротоар + 1,5м велосипедска патека + 7,0м коловоз (2х3,5м) + 1,5м велосипедска патека + 2,0м тротоар.

Должината на трасата е околу 1066,6м' и истата започнува од крстосница на ул.“Победа“ со улица „Генерал Васко Карангелески“ до крстосница со ул.„Александар Македонски“.

Во приложената табелата се прикажани нумеричките податоци за опфатот.

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИТЕ ПАРАМЕТРИ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ			
РЕДЕН БРОЈ	**КЛАСА НА НАМЕНА**	**ПОВРШИНА ($М^2$)**	**ПРОЦЕНТ (%)**
1	Е1-ИНФРАСТРУКТУРНИ ВОДОВИ Е1.1 -примарни и секундарни улични мрежи во населени места	**17553,53**	**100,00%**

4. ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ

Со условите за проектирање и градење се дефинира проектниот опфат за да се реализира во целост според важечката законска регулатива Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РС Македонија бр.32/20, 111/23 и Правилник за урбанистичко планирање (Сл.весник на РС Македонија бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

- Намена: Е1.1-примарни и секундарни улични мрежи во населени места
- Површина на проектниот опфат .....17553,53 $м^2$
- Профил на сообраќајниците: С16 – Профил 14,0м – 2,0м тротоар + 1,5м велосипедска патека + 7,0м коловоз (2х3,5м) + 1,5м велосипедска патека + 2,0м тротоар.

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИТЕ ПАРАМЕТРИ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ		
	ПОВРШИНА (М2)	ПРОЦЕНТ (%)
Коловоз	9829,95	56%
Тротоари	4892,67	27,87%
Велосипедски патеки	2830,91	16,13%
Површина на проектен опфат	17553,53	100,00%

Со условите за проектирање и градење се дефинира проектниот опфат, за да се реализира во целост според важечката законска регулатива Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РС Македонија бр.32/20, 111/23 и Правилник за урбанистичко планирање (Сл.весник на РС Македонија бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23). Намената на опфатот 1-ва фаза е група на класи на намена Е1-сообраќајна инфраструктура, Е1.1 – примарни и секундарни улични мрежи во населени места.

За сите неискажани работи во овие услови важат одредбите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РС Македонија бр. 32/20 и 111/23) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РС Македонија бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

Од аспект на запазување на основните барања за градбите дадени во член 3,4,5,6,7,8,9,10 и 11 од Законот за градење (Сл. Весник на Р. Македонија бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 39/16, 64/18, 168/18, 244/19, 18/20 и 279/20) при изработката на Основниот проект со сите фази и елаборати, истите целосно да бидат вградени во техничката документација.

Проектот за инфраструктура не се парцелизира затоа што се работи за земјиште за општа употреба со намена Е1 (инфраструктурни водови). При реализација на проектот да се почитуваат техничките прописи за градба на линиски објекти со целосна примена на средствата за означување и обележување на градежните работи на јавни површини. Водењето и преминувањето на новите инсталции покрај и преку постојни инсталации да биде согласно техничките прописи. Со оваа проектна документација, линијата на проектниот опфат во графичкиот дел е обележана со: прекината црвена линија, како линија врза база на која со формира површината на опфатот за проектот за инфраструктура. Линискиот смисол на границата на проектниот опфат за инфрастуктурата во графичкиот дел од проектот за инфраструктура, претставува ортогонална проекција на пресек на вертикалната рамнина со површината на теренот која се протега над и под котата на теренот. Растојанијата при вкрстувањето како и хоризонталните растојанија од постојната комунална инфраструктура се предвидуваат согласно техничките прописи, односно усогласено со јавните претпријатија надлежни за комуналната инфраструктура. Сите услови за реализација на просторот во рамки на проектниот опфат да бидат во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

5. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

Мерки за заштита на животната средина

Заштитата и унапредувањето на животната средина е темелна вредност на Уставот на Р. Македонија (член 8) и е регулирана со Законот за животна средина (Сл. Весник на Р. Македонија бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 47/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и подзаконските акти кои се однесуваат на предметната проблематика (Уредба за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина и здравјето на луѓето (точка 13, Сл. весник на Р.М. бр.153/07).

Планските и проектните решенија, покрај другите фактори суштествени при дефинирање на Плановите односно проектите произлегуваат и од факторот - заштита и унапредување на животната средина. Превентивната заштита на животната средина претставува еден од елементите на развој и појдовна основа за глобално управување со животната средина, засновано врз принципите на одржлив развој.

На заштитата и унапредувањето на квалитетот и состојбата на медиумите на животната средина: почвата, водата, воздухот, на областите на животната средина, на биолошката разновидност и другите природни богатства, како и на заштитата на озонската обвивка и заштитата од негативното влијание на човекот врз климатскиот систем покрај одредбите на законот за животна средина се применуваат и одредбите на законите за одделни медиуми и области на животната средина.

Заштитата на медиумите и одделните области на животната средина се постигнува преку превземање на мерки и активности кои се однесуваат на заштитата од штетни влијанија утврдени со законот за заштита на животната средина и посебните закони од:

-вршењето различни дејности;
-загадувачките супстанци и технологии;
-отпадот;
-бучавата и вибрациите;
-јонизирачкото и нејонизирачкото зрачење;

Заштитата и унапредувањето на животната средина е систем на мерки и активности (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и др.) со кои се обезбедува поддршка и создавање услови за заштита од загадување, деградација и влијание на/врз медиумите и одделните области на животната средина (заштита од осиромашување на озонската обвивка, спречување на штетната бучава и вибрации; заштита од јонизирачко и од нејонизирачко зрачење, заштита од непријатна миризба и користење на депонирање на отпадоците и друг вид на заштита на животната средина).

Животната средина е простор со сите живи организми и природни богатства, односно природните и создадените вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба, индустриските и другите објекти, вклучувајќи ги и медиумите и областите на животната средина.

Загадување на животната средина е емисија во воздухот, водата или почвата, која што може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија од која што може да произлезе штета за имотот и која ги нарушува или влијае врз биолошката и

пределската разновидност и врз другите пропишани начини на користење на животната средина.

За реализација на системот за заштита на животната средина потребно е да се почитува следното:

-зачување на амбиенталните, есетските и рекреативните потенцијали на просторот;

-изградба на современа инфраструктура;

-селектирано и организирано депонирање на отпадот со контролиран транспортен систем во депонијата;

-озеленување на дворните површини со високо и ниско зеленило кои значително ќе придонесе за микроклимата на овој дел;

-заштита на планираните коридори наменети за енергетска инфраструктура од градба на објекти и друга инфраструктура;

-при преземањето активности или при вршењето дејности да се обезбеди висок степен на заштита на животната средина и на животот и здравјето на луѓето кои претстојуваат тука;

-загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе тршоците за санација и да плати правичен надомест за штетата причинета врз животната средина, како и да ја доведе животната средина, во најголема можна мерка, во состојба како пред оштетувањето.

Заштита на водата

Заштитата на водата се третира како превентивна заштита. Превентивната заштита на водата при подземно водење на инфраструктурните водови за водоснабдување и прифаќање на отпадните води, како подземни инсталации, се однесува во нивната монтажа, експлоатација, одржување и интервенција. Водовите да се постават во сé према техничките нормативи и стандарди кои ќе ја обезбедат нивната сигурност, безбедност и долготрајност во експлоатацијата, ракувањето и одржувањето. Изборот на материјалите да биде во согласност со важечките стандарди и нормативи и квалитетно, без хаварии и долготрајно со најмали замени и интервенции да го опслужуваат секој поединечен корисник.

Во однос на заштита на водите да се почитуваат одредбите од Законот за води за одржување на површинските води и крајбрежните земишта.

1. Заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците, забрането е освен со дозвола или согласност, изградба на постројки објекти во заштитениот крајбрежен појас во широчина од 50м, зад линијата на допирање на педестгодишна вода кај нерегулирани водотеци, односно зад ножицата на насипот кај регулирани водотеци.

2. Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци, езерата и акумулациите се забранува освен со дозвола или согласност издадена врз основа на закон:

- да се менува правецот на водотекот;
- да се врши градба или зафат кои што би имале негативно влијание коритата на водотеците кои го влошуваат режимот на течението на водите;
- да се сечат дрвја, грмушки и друга вегетација во речните корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите;
- да се вади чакал, песок и камен од коритата и бреговите на површинските водни тела за да не дојде до влошување на постојниот режим на водите и се предизвикуваат процеси на ерозија или оневозможува користењето на водите;

• да се изгради брана, насип или слична препрека која би имала негативно влијание на протокот на водотекот;

• да се фрла отпаден материјал (комунален, индустриски и др.), земја, градежен шут, јаловина и сл.;

• да се вршат други активности со кои се оштетуваат речните корита и брегивите на водотеците, езерата и акумулациите.

3. Заради заштита и спречување на оштетување на водостопанските бјекти и постројки, се забранува да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се оштетуваат објектите и постројките;

4. Да се спроведат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанции.

5. Пристапот до крајбрежниот појас на водотеците, езерата и акумулациите за спорт, рекреација и слични активности е слободен.

6.Потребно е да се предвиди механички и биолошки третман на отпадните води од населените места и стопански објекти, согласно Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води и Уредбата за класификација на водите (Сл.весник на РМ бр.18/99).

Заштита на воздухот

Врз квалитетот на воздухот може да влијаат издувните гасови од лесни моторни возила, товарни возила и автобуси.

Сите идни корисници на просторот треба да го почитуваат особено - Закон за квалитетот на амбиенталниот воздух (Сл.весник на Р. Македонија бр. 67/04, бр.92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13 и 10/15).

Заштита од бука

Заштитата и унапредувањето на животната средина е регулирана со Законот за заштита од бучава во животната средина (Сл.весник на Р. Македонија бр. 79/2007, 124/2010, 47/11, 163/13, 146/15 и 151/20).

Мерки за заштита и спасување

Согласно член 53 од Законот за заштита и спасување (Сл.Весник на Р. Македонија бр. 36/04,49/04,86/08,124/10, 18/11,41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18) задолжително се применуваат мерките за заштита и спасување. Планирањето на мерките за заштита и спасување во оваа фаза значи обезбедување на неопходните сообраќајни врски и функционирањето на сообраќајната и комуналната инфраструктура, со цел итно згрижување на загрозените луѓе, животни и материјалните добра. Во функција на уредувањето на просторот задолжително да се обезбедува следното:

- изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства
- регулирање водотеци
- оневозможување на противпожарени пречки
- изградба на објекти за заштита и засолнување
- изградба на потребна инфраструктура

Мерки за заштита и спасување од урнатини

Заштитата и спасувањето од урнатини опфаќа превентивни и оперативни мерки. Превентивните мерки за заштита од уривање се активностите кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичко планирање и со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на објектите.

Оперативните мерки за спасување од урнатини се активностите за извидување на урнатините, пронаоѓање на затрупаните, осигурување на

конструкцијата на оштетените и поместените делови на објектите заради спречување на дополнително уривање, преземање на мерки за заштита од дополнителни опасности, извлекување на затрупаните, давање на прва медицинска помош и извлекување на материјалните добра.

Мерки за заштита и спасување од поплави

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови за заштитните објекти, набљудување и изведување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, и сл.

Мерки за заштита и спасување од свлекување на земјиштето

Заштитата и спасувањето од свлекување на земјиштето опфаќа активности кои е потребно да се преземет пред отпочнување со проектирање на градбите. Потребно е да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидролошки испитувања.

Мерки за заштита од пожар

Заштитата и спасувањето од пожари опфаќа мерки и активности од нормативен, оперативен, организационен, надзорен, технички, образовен, воспитен и пропаганден карактер.

Заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи се планира, организира и спроведува во сите средини, објекти и места со превентивни и оперативни мерки.

Превентивните мерки за заштита и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи, се активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање и со примената на техничките нормативи при проектирање и изградба на објектите.

Оперативните мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи се активности за откривање, спречување на ширење и гасење на пожари и експлозии, како и давање помош при отстранување на последиците предизвикани од пожари, експлозии и опасни материи.

Широчината, носивоста и проточноста на патиштата да овозможи пристап на противпожарните возила до секој објект и нивно интервенирање за време на гасењето на пожарите.

Извори за снабдување со вода, капацитет на водоводна мрежа, водоводните објекти (црпна станица, резервоари, бунари, ПП хидрантска мрежа и сл.) што би обезбедувале доволно количество вода за гасење пожари.

Од аспект на мерките за заштита од пожар, објектите што ќе се градат во проектниот опфат треба да се предвидуваат со материјали со добра огноотпорност, односно нивните конструктивни елементи да бидат изведени од АБ со висок степен на отпорност.

Мерки за обезбедување на пристапност за лица со инвалидност

Со изработување, донесување и спроведување на урбанистичките планови треба да се обезбедува надминување на урбаните бариери и обезбедување на функционалната пристапност и подвижност на земјиштето за општа употреба, јавните простори за сите граѓани, а особено за лицата со инвалидитет и на лицата со намалена подвижноат.

Надминувањето на урбаните бариери и обезбедување на пристапност и проодност на јавни простори подразбира утврдување на мерки и плански

одредби што се применуваат во процесот на изработување, донесување и спроведување на урбанистичките планови.

При спроведувањето на урбанистичките планови треба да се предвидат рампи на секој пешачки премин за совладување на денивелацијата меѓу тротоарот и коловозот.

Мерки за заштита на културно наследство

Во проектниот опфат кој е предмет на изработка на овај УП спрема податоците добиени од НУ Завод и Музеј – Прилеп не постои културно наследство, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Доколку при градежните активности се наиде на остатоци со културна вредност (архитектонски или археолошки движни наоди), изведувачот на работите е должен да постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл.весник на Р. Македонија бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18):

1.Да го пријави откритието во смисла на членот 129 став(2) на овој закон;

2. Да ги запре работите и да го обезбеди наоѓалиштето од евентуално оштетување и уништување, како и од неовластен пристап и

3. Да ги зачува откриените предмети на местото и во состојбата во која се најдени.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, ако предметите се ископани, односно изваденизаради нивна подобра заштита или со оглед на околностите, изведувачот на работите е должен:

1. Да ги предаде откриените предмети при нивното пријавување или тоа да го направи при идентификацијата восмисла на членот 66 на овој закон, а до предавањето да превземе мерки кои се нужни за да не пропаднат и да не се оштетат или да се отуѓат и

2. Да ги даде сите релевантни податоци воврска со местото и положбата на предметите во времето на откривањето и за околностите под кои тоа е направено.

Мерки за заштита на природното наследство

Заштитата на природата се уредува преку заштита на биолошката и пределската разновидност и заштита на природното наследство, во заштитени подрачја и надвор од заштитени подрачја.

Во современото планирање на просторот, задачите на заштитата на придодата се усмерени особено на активно уредување и заштитата на природата и животната средина, санирање на можните штети и повторно воспоставување на природната средина. Доколку при реализацијата на УП и уредувањето на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природни реткости кои можат да бидат загрозени, потребно е да се преземат мерки за заштита согласно законот за заштита на природата (Сл. весник на Р. Македонија бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18).

Изработил:

Овластен планер:
Маја Конеска Андрееска д.и.а.

ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ ОД ЧЛЕН 47 ОД ЗАКОНОТ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ Сл.В на РСМ бр.32/20

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
Бр. 10-25/7-122 од 23.03.2023
Скопје

Одговорно лице: Драган Николоски

Контакт телефон: 02 3205 300 – 41 308

Предмет: Издавање на податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје

Почитувани,
Во врска со Вашиот допис број 03-240/1 од 23.03.2023 година, со кој барате да Ви издадеме податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје за изработка на Урбанистички проект за инфраструктура за улица „Победа" – делница од крстосница со улица „Генерал Васко Карангелески" до улица „Александар Македонски" во Општина Прилеп, Ве известуваме дека во согласност со податоците од службената евиденција, располагаме со следните податоци:

☐ 110(35)kV Трафостаница
☐ 110kV Подземна мрежа
☐ 110kV Надземна мрежа
☐ 35kV Подземна мрежа
☐ 35kV Надземна мрежа
☐ 10(20)/0.4kV Трафостаница
☒ 10(20)kV Подземна мрежа
☐ 10(20)kV Надземна мрежа
☒ 0.4kV Подземна мрежа
☒ 0.4kV Надземна мрежа
☒ Друго Во доставениот плански опфат има и планиран 10кВ среднонапонски кабелски вод

Составен дел на овој одговор е и прилог – графички приказ (подлога во pdf и dwg формат со соодветно обележани леери) со вцртани електроенергетски објекти и инфраструктура според податоците од службената евиденција.
НАПОМЕНА: Податоците кои ви ги даваме се од наша службена евиденција и постои можност да има отстапување во точноста на координатите на електроенергетските објекти на терен. Задолжително да се изготви ажурирана геодетска подлога која треба точно да ги претставува положбените и висинските податоци за сите видливи природни и изградени објекти под и над површината на земјата во рамки на опфатот.
Препорачуваме при изработката на планската документација, а соодветно на типот на документација за која се бараат податоци, да се планираат (вцртаат) траси во тротоарите од двете страни, во кои би се положувале електроенергетски објекти од различни напонски нивоа и маркици за трансформаторски станици (согласно потребната потрошувачка). Премините преку пат да се предвидат да бидат согласно стандардите за премин на електроенергетска инфраструктура.

Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија

При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

Потврдата е од ограничено времетраење во рок од 3 месеци од датумот на нејзиното издавање.

Со почит,

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

Датум: 24.03.2023



ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
“ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА “П Р И Л Е П
жиро сметка: 500000000432065 -Стопанска Банка А.Д.Битола
Ул.”А.Македонски” бб Прилеп “ Телефони:(048) 421-775,Факс (048) 424-925
e-mail: vodovodpp@ yahoo.com

==========

До

Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови - Прилеп
ул.„Прилепски бранители“ бр.1
7500 Прилеп

Предмет: Одговор на барање

Врз основа на Вашето барање, Ви ги доставуваме податоците, со кои што располагаме и истите се вцртани на приложената подлога а ќе Ви послужат при изработка на **Урбанистички проект за инфраструктура за улица „Победа“ – делница од крстосница со улица „Генерал Васко Карнѓелески“ до улица „Александар Македонски“**, во КО Прилеп, Општина Прилеп.

Прилог: Ситуации

28.03.2023
Прилеп

Ј.К.П. Водовод и канализација
Прилеп

Liljana Nikoloska

Digitally signed by Liljana Nikoloska
DN: cn=Liljana Nikoloska gn=Liljana c=MK o=JKP VODOVOD I KANALIZACIJA Prilep ou=JKP VODOVOD I KANALIZACIJA Prilep:4021003142266
Reason: I am the author of this document
Location:
Date: 2023-03-28 10:43+02:00

"ГПС Премер" ДООЕЛ

ул."11 Октомври"згр.2, локал 1и 2 Прилеп

КО ПРИЛЕП - дел

АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА

Размер 1: 10 000

Место и датум

Прилеп март 2023 година

Изготвил

Мартин Кедиоски

(име, презиме,потпис и печат)

"ГПС Премер" ДООЕЛ
ул."11 Октомври"згр.2, локал 1и 2 Прилеп

КО ПРИЛЕП - дел

АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА

Размер 1: 10 000



Место и датум

Прилеп март 2023 година

Изготвил

Мартин Кедиоски

(име, презиме,потпис и печат)

Македонски Телеком АД, Кеј 13-ти Ноември бр. 6, 1000 Скопје

Бр: 50812
Дата: 24.03.2023

До
ЈП за просторни и урбанистички планови
ул.Прилепски бранители бр.1 7500 ПРИЛЕП

Ваше упатување Барање на податоци и информации

Наше контакт лице Перо Ѓорѓески, Елизабета Манева

Телефон +389 70 200 736; +389 70 200 571

Во врска со Известување за планирани и постојни тк инсталации

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање, добиено преку системот е-урбанизам, со кое што барате податоци и информации за изработка на Урбанистички проект за инфраструктура за улица „Победа“ – делница од крстосница со улица „Генерал Васко Карангелески“ до улица „Александар Македонски“ во Општина Прилеп, Ве известуваме дека во границите на планскиот опфат има постојна МКТ инфраструктура аплицирана на графичкиот прилог.

Напомена: Информациите содржани во овој документ се доверливи и тие се наменети за користење само од страна на примателот. Примателот е обврзан да превземе разумно ниво на грижа заради заштита на доверливите информации содржани во документот. Воедно, примателот е обврзан документот или било кој дел од неговата содржина да не го открива или дистрибуира на трети лица кои не се засегнати со актуелниот предмет, а заради спречување на можни злоупотреби.

Прилог: Информации во електронска форма прикачени во постапката.

Со почит,

Македонски Телеком АД Скопје

По овластување на

Директор на сектор за пристапни мрежи

Васко Најков

"ГПС Премер" ДООЕЛ
ул."11 Октомври"згр.2, локал 1и 2 Прилеп

КО ПРИЛЕП - дел

АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА

Размер 1: 10 000



Место и датум
Прилеп март 2023 година

Изготвил
Мартин Кедиоски
(име, презиме,потпис и печат)

Република Северна Македонија
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ
НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ-ПРИЛЕП
Бр. 09-117/2
28.03.2023 год.
ПРИЛЕП

До :

ЈП ПУП

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ - ПРИЛЕП

ПРИМЕНО:	30.03.2023		
Орг. ед.	Број	Прилог	Вредн.
03	240/2		

Предмет : Одговор на барање

Врз основа на Вашето Барање бр.02-240/1 од 23.03.2023 година со кое барате податоци за потребите при изработување и одобрување на Урбанистички проект за инфраструктура за улица Победа – делница од крстосница со улица Генерал Васко Карангелески до улица Александар Македонски Општина Прилеп, стручно лице на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп изврши увид во рамки на наведениот опфат и го констатира следното:

1. Во предметниот опфат не се регистрирани остатоци од културно наследство.

Напомена : Согласно член 65 од Законот за заштита на култуно наследство докулку при градежните или други земјени активности се наиде на остатоци од културна вредност, инвеститорот е должен да ги запре активностите и да ја извести надлежната установа НУ Завод и Музеј – Прилеп за тоа, по што би се постапило според одредбите од Законот за заштита на културно наследство.

Изработил:
Конзерватор-археолог

Владимир Крстески
28.03.2023
Прилеп

в.д. директор
на НУ Завод и Музеј - Прилеп

Горанчо Цветкоски

Друштво за комуникациски услуги
А1 Македонија ДООЕЛ Скопје
Бр. 11-17391
23-03-2023
Скопје

До: Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови
ЈП за ПУП Прилеп (Планер)

Скопје, 23.03.2023 год.

Предмет: Податоци и информации

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за доставување на податоци и информации од општини/институции поднесено преку системот Е-Урбанизам со број на постапка 50812 креирано на 23.03.2023 година и наслов 'Урбанистички проект за инфраструктура за улица „Победа" – делница од крстосница со улица „Генерал Васко Карангелески" до улица „Александар Македонски" во Општина Прилеп' доставено до А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, Ве известуваме дека во предметното подрачје на опфатот кој е доставен до А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, **имаме** постојни подземни/надземни инсталации.

Во прилог Ви доставуваме податоци за постојни подземни/надземни инсталации во електронска форма во DWG и PDF формат.

Напомена: Доколку има потреба од дислокација на постојната телекомуникациска инфраструктура, планерот е должен да постави новопланирана траса во рамките на експропријационата линија во консултација со сопственикот на постоечката инфраструктура - А1 Македонија ДООЕЛ Скопје. Трошоците за дислокација на постојната телекомуникациска инфраструктура ги сноси инвеститорот на проектот.

Лице за контакт:
Симона Тодоровска тел. 077/772-972

Срдечен поздрав,

За А1 Македонија ДООЕЛ Скопје,
Симона Тодоровска
Помлад специјалист за дизајн и планирање на мрежа

Друштво за комуникациски услуги
А1 Македонија ДООЕЛ Скопје

39



Максим Горки бр.4, 1.000 Скопје
Т: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811
Подружница ОЕЛС
+ 389 (0) 2 3 149 814
Подружница ОПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813
Ф: + 389 (0) 2 3 111 160
www.mepso.com.mk

До

Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови

ул. Прилепски бранители бр.1

Прилеп

Бр.11-1933/1

28.03.2023

Предмет: Податоци за постојни и планирани електро енергетски објекти

Врз основа на Вашето барање бр.03-240/1 од 23.03.2023 год., предмет креиран на Е-урбанизам на 23.03.2023 година со број на постапка 50812, (наш број 11-1933 од 24.03.2023 година) за податоци и информации за изработување на Урбанистички проект за инфраструктура за улица "Победа", делница од крстосница со улица "Генерал Васко Карангелески" до улица "Александар Македонски" во Општина Прилеп, Ве известуваме дека предметниот плански опфат **НЕ СЕ ПРЕСЕКУВА** со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО.

Изработил: Александар Костевски

Проверил: Весна Чингоска

по овластување од Генерален директор
бр.02-10/112 од 06.03.2019 год.
Раководител на Служба за ГИС
и геодетски работи

До: **Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови ЈП за ПУП Прилеп**

бр. 12-8/416

Скопје, 23.03.2023 година

Предмет: Доставување на податоци и информации

Врска: Ваш бр. / од 22.03.2023 година
e-urbanizam, постапка бр. 508112

Почитувани,

Врз основа на вашето барање, а согласно Законот за урбанистичко планирање, ве известуваме дека стручните служби во Агенцијата за цивилно воздухопловство ја разгледаа приложената документација за изработка на

Урбанистички проект за инфраструктура за улица „Победа“ – делница од крстосница со улица „Генерал Васко Карангелески“ до улица „Александар Македонски“ во Општина Прилеп

при што утврдија дека во предметниот опфат нема објекти, инсталации, уреди или било какви структури од областа на цивилното воздухопловство, а градбите во планскиот опфат не претставуваат препрека и нема да влијаат на безбедноста на цивилниот воздушен сообраќај, поради што истиот **може да се планира без посебни услови и ограничувања** од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

За дополнителни информации може да не контактирате на телефон 02/3181-609, секој работен ден од 7.30-15.30 часот.

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

изработил: Х.Караџенеми

Билјана Јованова
(по овластување од Директорот бр.02-27/2 од 10.01.2023 година)

28 март, 2023

Архивски број:
Бр: 09- 133/2

До
ЈП за ПУП
Ул ,, Прилепски Бранители ,, бр.1
7500 Прилеп

Предмет: Податоци и информации, доставува,-
Врска: Ваш акт бр. 03-240/1 од **23.03 2023 година**

Согласно член 32 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, Одделението за издавање на урбанистичка согласност при Секторот за превенција, планирање и развој во Дирекција за заштита и спасување, Подрачно одделение за заштита и спасување - Крушево , информира:

Почитувани,

Ве известуваме дека Дирекцијата за заштита и спасување не располага ниту има податоци за постоечка или планирана инфраструктура на планскиот опфат за **Урбанистички проект за инфраструктура за улица ,,Победа,, - делница од крстосница со улица ,, Генерал Васко Карангелески ,, до улица ,, Александар Македонски ,, ,Општина Прилеп.**Воедно Дирекцијата за заштита и спасување, Ви доставува претходни услови за заштита и спасување кои согласно Законот за заштита и спасување - пречистен текст (Сл. весник на РСМ, бр. 93/12), Проценатa на загрозеност на опфатот за кој се однесува деталниот урбанистички план, Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување при планирање на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во технички преглед (Сл. весник на РСМ, бр. 105/05) и други прописи кои ја регулираат оваа област, треба да бидат вградени при изработка на **Урбанистички проект за инфраструктура за улица ,,Победа,, - делница од крстосница со улица ,, Генерал Васко Карангелески ,, до улица ,, Александар Македонски ,, ,Општина Прилеп.**

Во делот **МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ,** да се опфатат следните мерки:

Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение КРУШЕВО
Drejtoria për mbrojtje dhe shpëtim
Njësia rajonale KRUSHEVË

ул. „Никола Ѓурковиќ бб
7550 Крушево
Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

Тел. 048-476-831
www.dzs.gov.mk
krusevo@dzs.gov.mk

1. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ

Заштитата од урнатини, како превентивна мерка, се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населбите и изградбата на објектите.
Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците. При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.
Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на РСМ, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

2. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ, УРИВАЊЕ НА БРАНИ И ДРУГИ АТМОСФЕРСКИ НЕПОГОДИ

При изработка на Урбанистичката Планска Документација да се предвидат и пропишат мерките за заштита од поплави, уривање на брани и други атмосверски непогоди согласно Законот за заштита и спасување (“Службен весник на РМ” бр. 36/04, 49/04 и 86/08), и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

3. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД СВЛЕКУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО

При изработка на Државната урбанистичка планска документација, потребно е да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидролошки испитувања.

Наведените претходни услови треба да се вградат во Урбанистички проект за инфраструктура за улица ,,Победа,, - делница од крстосница со улица ,, Генерал Васко Карангелески ,, до улица ,, Александар Македонски ,, ,Општина Прилеп.

Откако ќе ги разработите и вградите условите за заштита и спасување во Урбанистичката документација за изработка изработка на **Урбанистички проект за инфраструктура за улица ,,Победа,, - делница од крстосница со улица ,, Генерал Васко Карангелески ,, до улица ,, Александар Македонски ,, ,Општина Прилеп,** да ја доставите до Дирекцијата за заштита и спасување – Подрачно одделение за заштита и спасување - Крушево, за да добиете мислење за застапеност на мерките за заштита и спасување.

Изработил
Оливера Чавкар

Овластен Советник
Оливера Чавкар

Доставено до:
- **Насловот**

Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение КРУШЕВО
Drejtoria për mbrojtje dhe shpëtim
Niësia raionale KRUSHEVË

ул. „Никола Ѓурковиќ бб
7550 Крушево
Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

Тел. 048-476-831
www.dzs.gov.mк
krusevo@dzs.gov.mk

ГРАФИЧКИ ДЕЛ

До
ЈП за ПУП
ул.„Прилепски бранители“ бр.1
Прилеп

Прилеп, 30.01.2024 г.
Ваш број:_____
Наш број: 10-171/2

ПРЕДМЕТ: Известување

Почитувани,

До Општина Прилеп се обративте со барање бр.10-171/1 од 23.01.2024год. за издавање на извод од детален урбанистички план и соседни детални урбанистички планови за изработка на Урбанистички проект за инфраструктура за ул.„Победа“ (од вкрстување со ул.„Генерал Васко Карангелески“ до ул.„Александар Македонски“) во Општина Прилеп.

Општина Прилеп го разгледа Вашето барање и утврди дека земјиштето на овој потег се најдува во плански опфат на донесени деталени урбанистички планови и тоа:

- ДУП за УАЕ бр. 11-дел донесен со Одлука бр. 07-449/7 од 23.04.1990 год. Во овој ДУП улицата „Победа“ на еден дел е улица К3 со широчина на профилот од 13,0м, а на друг дел е улица К1 со широчина на профилот од 24,0м., додека истата улица во Генералниот урбанистички план е собирна улица С16 со широчина на профилот од 14,0м, односно постои неусогласеност на широчината на попречниот профил.
- ДУП за УАЕ бр. 11, УБ 11.04 и УБ 11.05 донесен со Одлука бр. 07-1045/13 од 27.04.2012год. Во овој ДУП улицата „Победа“ е собирна улица С6 со широчина на профилот од 17,0м., додека истата улица во Генералниот урбанистички план е собирна улица С16 со широчина на профилот од 14,0м, односно постои неусогласеност на широчината на попречниот профил.
- ДУП за УАЕ бр. 12 донесен со Одлука бр. 07-895/1 од 17.07.1998 год. Во овој ДУП улицата „Победа“ е улица К со широчина на профилот од 22,5м., додека истата улица во Генералниот урбанистички план е собирна улица С16 со широчина на профилот од 14,0м, односно постои неусогласеност на широчината на попречниот профил.

Во член 4 став (3) од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр.32/2020) е наведено дека Деталните урбанистички планови се планови од пониско ниво на планирање од генералните урбанистички планови и треба да се во согласност со генералните урбанистички планови.

Општина Прилеп
ул:„Прилепски Бранители“ бр.1 Прилеп,
телефон: (0) 48 401- 701 ● факс: (0) 48 426-430
e-mail: prilep@prilep.gov.mk ● web www.prilep.gov.mk

Согласно член 35 став (5) од Законот за урбанистичко планирање, Детален урбанистички план или дел од детален урбанистички план што не е усогласен односно е во спротивност со одредбите од генералниот урбанистички план, неможе да се применува.

Од овие причини Општина Прилеп неможе да Ви издаде извод од детален урбанистички план.

Изработил: Валентина Најдоска

Контролирал: Панда Ризоска

Одобрил:
Татјана Попоска

_____

Општина Прилеп
ул:„Прилепски Бранители“ бр.1 Прилеп,
телефон: (0) 48 401- 701 ● факс: (0) 48 426-430
e-mail: prilep@prilep.gov.mk ● web www.prilep.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА - ПРИЛЕП

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: _____
(број на извод)

БРОЈ: 10-2167/2 од 24.08.2022 год.
(архивски број) (датум)

ГУП: град Прилеп, плански период од 2013-2023г.
(наслов на план и плански период)

Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина

Одлука бр.: 25-2888/5 од 28.12.2015г.
(број и датум на Одлука со која е донесен планот)

М 1: 5000
(размер)

ИЗВОДОТ ЗА четврт 8 блок 8.5 и 8.9, четврт 9 блок 9.6, 9.10 и 9.11, четврт 12 блок 12.9
(блок/ четврт/ урбана единица/ катастарска парцела во катастарска општина/ улица - сообраќајница/ цел плански опфат)

СОДРЖИ:

1. ГРАФИЧКИ ДЕЛ

* Заверена копија од синтезен план во идентична форма со граница на плански опфат за кој се однесува барањето за извод со:

- легенда
- профили на примарна сообраќајна и друга инфраструктура
- табела со билансни показатели

* По потреба и заверена копија од други прилози со легенда

2. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

* Заверена копија од: општите и посебните услови за просторен развој, параметри за споредување на планот, плански услови за детално планирање на просторот и мерки за заштита на културно наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикепирани лица и сл.
* По потреба и заверена копија од други услови;

изготвил: Валентина Најдоска

контролирал: Татјана Попоска

М.П.

Помошник раководител на Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина

Викторија Јовчевски Спиркоска



ЛЕГЕНДА

СИМБОЛ	ЗНАЧЕЊЕ
	Граница на плански опфат на ГУП П=1928,80 ха
	Граница на Четврт ПовршИна на Четврт
	Граница на Блок за детално планирање
2	Ознака на Четврт
2.1	Ознака за Блок за детално планирање
	Регулациона линија
	Сообраќај
	Железнички коридор
	Индустриски колосек
	Оска на сообраќајница
ул."Цар Самоил"	Номенклатура на примарна улична мрежа
ул."Мирче Ацев"	Номенклатура на секундарна улична мрежа
	Речно корито

ПОДЕЛБА НА ГУП по ЧЕТВРТИ

број на Четврт	Површина на Четврт (ха)	Проц. учество (%)
1	121.75	6.31%
2	366.80	19.02%
3	134.73	6.99%
4	123.97	6.43%
5	190.65	9.88%
6	60.22	3.12%
7	59.50	3.08%
8	98.77	5.12%
9	120.74	6.26%
10	317.43	16.46%
11	95.69	4.96%
12	238.55	12.37%
Вкупно:	1928.80	100.00%

Планска документација

ПОДЕЛБА НА ЧЕТВРТИ И БЛОКОВИ ЗА ДЕТАЛНО ПЛАНИРАЊЕ

локација на плански опфат

M=1:5000



БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ СПОРЕД НАМЕНАТА НА ПОВРШИНИТЕ

Група на класи на намени	Поединечни класи на намена	Површина (ха)	Површина (ха) ГУП (2011-2021 год.)	Проц.учество во рамки на групата на класа на намена	Проц. учество во однос на површината на планскиот опфат
А ДОМУВАЊЕ	А - Група на класа на намени	858.72	658.81	95.42%	44.52%
	А0 - Домување со посебен режим	0.00	0.00	0.00%	0.00%
	А1 - Домување во станбени куќи	0.00	185.68	0.00%	0.00%
	А2 - Домување во станбени згради	40.13	46.81	4.46%	2.08%
	А3 - Групно домување	1.07	3.13	0.12%	0.06%
	А4 - Времено сместување	0.00	1.85	0.00%	0.00%
	ВКУПНО (А)	**899.92**	**896.28**	**100.00%**	**46.66%**
Б КОМЕРЦ. И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ	Б - Група на класи на намени	13.91	32.97	51.63%	0.72%
	Б1 - Мали ком. и деловни намени	4.71	1.68	17.48%	0.24%
	Б2 - Големи трговски единици	1.54	0.34	5.72%	0.08%
	Б3 - Големи угостителски единици	0.00	0.00	0.00%	0.00%
	Б4 - Деловни простори	0.43	0.00	1.60%	0.02%
	Б5 - Хотелски комплекси	2.03	0.00	7.54%	0.11%
	Б6 - Градби за собири	4.32	4.36	16.04%	0.22%
	ВКУПНО (Б)	**26.94**	**39.35**	**100.00%**	**1.40%**
А + Б ЗОНА НА МЕШАНА НАМЕНА	А + Б - зона на мешана намена	6.95	1.20	100.00%	0.36%
	ВКУПНО (А+Б)	**6.95**	**1.20**	**100.00%**	**0.36%**
В ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ	В1 - Образование и наука	21.37	29.92	21.50%	1.11%
	В2 - Здравство и социјална заштита	8.45	5.61	8.50%	0.44%
	В3 - Култура	1.48	1.56	1.49%	0.08%
	В4 - Државни институции	61.15	57.18	61.51%	3.17%
	В5 - Верски институции	2.96	3.07	2.98%	0.15%
	В - Група на класа на намени	4.00	0.00	4.02%	0.21%
	ВКУПНО (В)	**99.41**	**97.34**	**100.00%**	**5.15%**
Г ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ	Г - Група на класа на намени	564.89	568.67	97.77%	29.29%
	Г1 - Тешка и загад. индустрија	0.00	18.66	0.00%	0.00%
	Г2 - Лесна и незагад. индустрија	9.78	6.55	1.69%	0.51%
	Г3 - Сервиси	0.46	1.27	0.08%	0.02%
	Г4 - Стоваришта	2.66	2.64	0.46%	0.14%
	ВКУПНО (Г)	**577.79**	**597.79**	**100.00%**	**29.96%**
Д ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА	Д - Група на класа на намени	23.13	0.00	15.99%	1.20%
	Д1 - Парковско зеленило	9.46	3.86	6.54%	0.49%
	Д2 - Заштитно зеленило	90.74	62.24	62.73%	4.70%
	Д3 - Спорт и рекреација	12.38	37.52	8.56%	0.64%
	Д4 - Меморијални простори	8.95	8.17	6.19%	0.46%
	ВКУПНО (Д)	**144.66**	**111.79**	**100.00%**	**7.50%**
Е ИНФРАСТРУКТУРА	Е1 - Комунална инфраструктура - сообраќајници	141.93	174.51	81.98%	7.36%
	Е1 - Комунална инфраструктура - речни корита	16.34	0.06	9.44%	0.85%
	Е2 - Комунална супраструктура	8.71	9.07	5.03%	0.45%
	Е3 - Некомпатибилна инфраструктура	6.15	1.42	3.55%	0.32%
	ВКУПНО (Е)	**173.13**	**185.06**	**100.00%**	**8.98%**
	густина на населеност				**77,46 жители/ха**
	СЕВКУПНО	**1,928.80**			**100.00%**

ЛЕГЕНДА

СИМБОЛ	ЗНАЧЕЊЕ
	Граница на плански опфат на ГУП П=1928,80 ха
	Граница на Четврт
	Граница на Блок за детално планирање
2	Ознака за Четврт
2.1	Ознака за Блок за детално планирање
	Регулациона линија
	Сообраќај
	Железнички коридор
	Индустриски колосек
	Оска на сообраќајница
